МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 27 став (12) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија” бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА КАКО И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА ИЗДАДЕНИ КОНТРОЛНИ МАРКИ - ЕТИКЕТИ И ЕВИДЕНТНАТА КНИГА ЗА ИСКОРИСТЕНИ КОНТРОЛНИ МАРКИ – ЕТИКЕТИ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата, содржината како и начинот на водење на регистарот за издадените контролни марки - етикети и евидентната книга за искористените контролни марки - етикети.

**Член 2**

(1) Регистарот за издадени контролни марки - етикети се води во форма на книга со димензии 210 x 297 mm на евиденциски листови во А4 формат во бела боја кои се нумерирани и меѓусебно поврзани.

(2) Предната страна на корицата ги содржи следните податоци: грб на Република Македонија; Република Македонија; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Управа за семе и саден материјал и регистар за издадени контролни марки - етикети.

(3) Евидентните листови од став (1) на овој член ги содржат следните податоци:

- реден број на уписот,
- снабдувач/увозник (назив и седиште),
- број на барање за издавање на контролна марка - етикета,
- дата на издавање на контролни марки - етикети,
- број на издадени контролни марки - етикети,
- сериски број на издадени контролни марки - етикети и
- потпис.

(4) Формата и содржината на регистарот за издадени контролни марки - етикети се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Регистарот за издадени контролни марки - етикети се води во пишана и електронска форма.

**Член 4**

(1) Евидентна книга за искористени контролни марки - етикети се води на образец во А4 формат на хартија од бела боја.

(2) Евидентната книга за искористени контролни марки - етикети ги содржи следниве податоци:

- снабдувач/увозник (назив и седиште),
- број на барање за издавање на контролна марка - етикета,
- снабдувач на мало/правно лице/физичко лице,
- дата на издавање,
- сериски број на искористени контролни марки - етикети,
- за култура (вид),
- сорта/подлога и
- вид на пакување.

(3) Формата и содржината на евидентната книга за искористени контролни марки - етикети се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Евидентна книга за искористени контролни марки - етикети се води во пишана и електронска форма.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јули 2014 година.

Бр.08-2175/3
9 мај 2014 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

Прилог 1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**-УПРАВА ЗА СЕМЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ-**

**РЕГИСТАР ЗА ИЗДАДЕНИ КОНТРОЛНИ МАРКИ - ЕТИКЕТИ**

Прилог 1

| Ред. бр. | Снабдувач / увозник (назив и седиште) | Бр. на барање за издавање на контролна марка – етикета | Дата на издавање на контролни марки - етикети | Број на издадени контролни марки - етикети | Сериски број на издадени контролни марки – етикети | | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | од | до | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Прилог 2

**Евидентна книга за искористени контролни марки – етикети**

Снабдувач/ увозник ____________________________________________________________
(назив и седиште)

Бр. на барање за издавање на контролна марка – етикета ___________________________

| Снабдувач на мало / правно лице/ физичко лице | дата на издавање | Сериски број на искористени контролни марки – етикети | | За култура (вид) | Сорта /подлога | Вид на пакување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | од | до | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

**ДИРЕКТОР (одговорно во правно лице)**

________________________________________